КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-8/1
03.04.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 03.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на износот на дивиденда и датуми на исплата на дивиденда за 2024 година**

**Член 1**

Износот на дивиденда, согласно Предлог-одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2024 година, донесена од Надзорниот одбор на Банката на 26.02.2025 година, изнесува:

- за 1 обична акција бруто износ од 1.250,00 денари, односно 125,0 % во однос на номиналната вредност од 1.000,00 денари.

За предложениот износ на дивидендата за 2024 година, акционерите ќе се известат преку Повикот за учество на Годишното собрание на акционери на Банката.

**Член 2**

Собранието на акционерите на Комерцијална банка АД Скопје ќе се одржи на 03.04.2025 година, а датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2024 година, е 22.04.2025 година.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2024 година е 16.04.2025 година.

**Член 4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2024 година е 17.04.2025 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2024 година ќе започне на 07.05.2025 година.

**Член 6**

Дивидендата за 2024 година ќе се исплатува во готово.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАВАЧ СО СОБРАНИЕТО
Илија Гечев